ВЕСНА ТОМОВСКА
Философски факултет
Скопје

УДК 875

# ИЗГУБЕНОТО И СПАСУВАЧКОТО ВРЕМЕ

Да не ми петтиот беше век со други да го делам тук или порано да умрев ил потем јас да се родев.
Хесиод, Трудови и дни (174–175)

Прв пат во европската литература еден поет ќе посака да избега „било какде вон овој свет, вон ова време". Бегањето од сегашноста сепак е ограничено со два спротивни правци; враќање кон минатото или продолжување во иднината. Раскинат меѓу едното и другото Хесиод силно ја проколнува Μοῖρα што го распределила во ова железно доба да биде современик на петтиот човечки род, да биде камшикуван од Δυσδικία и ослабуван од Πενία. Прифаќајќи го неотповикливото решение на онаа „против која ниту Зевс не може" Хесиод од својата сурова сегашност се обидува да излезе низ две врати: низ сеќавање и низ поучување.

Со извесна митолошка анамнеза Хесиод ја разбива сегашноста на нејзините праелементи и ги открива корените на нејзината појавност. Illo tempore на земјата живееле луѓе од секое зло далеку, без мака тегобна, со боговите во друштво и безгрижни сосема. Но, го налутил Прометеј Зевса давајќи оган на смртните, па смислил небесникот казна голема. Од сега луѓето да страдаат, во маки да паѓаат, се заради дрскоста Прометеева. На овој мит Хесиод го надоврзува и оној за петте века на човечкиот род чие растење во време е човеково паѓање во беда. Имено, првиот, златен век е во Кроново време, кога луѓето слични на богови биле и живот блажен воделе. Без труд да вложат с`е имале и во љубов живееле. Од овде низ пет века пет човечки рода се смениле а луѓето сè полоши станувале.

Така Хесиод со мрежата на сеќавањето од времето кое изминало ги лови моментите значајни и за објаснување на сегашноста и за предвидување на иднината. Неговата стварност од две страни е детерминирана како морално празна, тегобна, мачна и мрачна, набиена со семожни несреќи, не-

правди и беди излиени од Пандориниот πίθος. Од една страна тоа го бара казната за прародителскиот грев, а од друга надолното движење на „металните“ времиња. Едното е причина за човековото паѓање во историјата, а другото само природа на нејзиното течење. Во тоа и такво течење сосем се изронила човечноста и праведноста, а нараснала бедата и маката. Хесиод исчезнатата Δίκη ја најде illo tempore и низ поуки разни за живот праведен се обидува да ја врати повторно меѓу луѓето. Уште, со совети практични ќе објасни како од беда и несреќа може да се излезе ако труд плоден се вложи. Ова нижење на совети и поуки, на ἔργα καὶ ἡμέραι може да оди ad infinitum. Впрочем според природата на поетичкиот вид на кој му припаѓа ова Хесидово дело.

Неговата структура кореспондира со Хесиодовото историско линеарно доживување на време. Временската тријада се пресликува во распоредот на поетската маса:
минато – почеток на делото – сеќавање и барање на причини
сегашност – средина – искусување на последиците
иднина – отворен завршеток – совети и поуки за надминување на последиците.
Прагмите имаат своја појдовна точка, линеарно се движат, но крајот останува отворен. Сосем спротивно на Хомеровиот еп каде сообразно на митот временските нивоа се синхрониски, а поетската граѓа врзана во едно и цело со нужноста на прагмите кои следат една поради друга во затворен, завршен, кружен организам.

Во слична спротивственост линија – круг стојат и космогониите на Хесиод и Хомер. Хесиодовата θεογονία е извесна ритуална постапка на реактуализација на настаните од illud tempus што е всушност првична смисла на секој обред и како таква ја носи својата јасно изразена сотериолошка функција. На Хесиод му е можно на ваков начин да се враќа во минатото дотолку повеќе што самиот е веќе излезен од таа митолошка стварност (доказ за тоа е неговиот силно изразен историцизам) и може да ја набљудува од надвор. На самиот почеток беше χάος, вели Хесиод. Ако го прифатиме етимолошкото врзување на χάος со χαίνω(: зинувам, се отварам, пукам) тогаш χάος е отвор низ кој ќе потече светот, тој е претпоставка на сета φύσις и γένεσις, густа мешавина на идните битија. Космосот се раѓа низ отварање, прскање, постепено одвиткување на сокриената содржина од идни космички събитија. Процесот на остварување на светот го ништи самиот χάος, зашто, неопределената маса се раздробува на дефинирани елементи, почнува вечното раѓање на едно од друго во линеарно движење... почнува Време. Χάος е состојба на Не-Време зашто сѐ уште нема простор, а времето единствено во простор се осмислува. Воспоставеното време го започнува

своето движење на разурнувач и морален разградувач. Очигледно Хесиод го има она искуство кое Елијаде го нарекува терор на времето. Застрашувачката појавност на времето се јавува и некаде во почетокот на Орфичката космогонија како фантастична рефлекција во троглавото чудовиште χρόνος. Спротивно на оваа линеарна Хесиодова космогонија кај Хомера наоѓаме кружна. Имено, кај него сé почнува од Океан, големата река што во кружно движење ја обиколува земјата. Создавањето на светот не го разбива нејзиното постоење, таа не ни старее во вечниот круг.

Хомеровите и Хесиодовите дела различни во својата темпорална структура, иако телесно сраснати за определено време и место, како поетички созданија ја ништат временската димензија, стануваат екстемпорални и универзални. Зашто, и двајцата се Музини чеда, а овие пак, ќерки на Μνημοσύνη: сеќавање, памтење... и едното и другото во хронолошкиот распоред врзани за она што стои пред сегашноста и што истата ја инспирира и определува. Μνημοσύνη е прелевање од минато во сега. Таа овозможува излегување од време, негирање на неговата деструктивна природа, надминување на менливоста и неутрализирање на минливоста. Μνημοσύνη е претпоставка за дејствителноста на Музите. Во Платоновата поетика Музите го оплодуваат ὁ ποιητής. Неговото раѓање со душа е мистички чин во кој може да учествува единствено ἔκφρων изчистен од разум и ἔνθεος исполнет со бога. Единствено ако се измие од земното и натопи со небесното, ако излезе од време и влезе во вечност, ако го надмине единечното и го дофати општото. Она што ќе му овозможи на творецот да ја нагризе грубата кора на појавноста окована од простор и време, да продре до раскошните можности сокриени за сега и овде и да ги извлече на универзално ниво за да ги отелотвори во уметничко дело е Μνημοσύνη. Според тоа оној ланец низ кој тече θεία δύναμώς во Платоновиот ὤν нужно добива уште една алка:
Μνημοσύνη – Μοῦσα – ποιητής.

Жилавоста на ваквата поставка сосем се афирмира кај Пруст каде Μνημοσύνη овоплотена во афективно сеќавање ќе му овозможи повторно да го најде изгубеното време. Ова враќање во минатото предизикано од сетилни дразби го собира она што е заедничко и општо, вонвремено и космичко и го организира во уметничко битие, да биде „единствен лек“, напоменува Пруст, „од неизлечливото несовршенство на сегашноста“. Имено, тоа сеќавање, инсистира Пруст, не е никакво разубавување ниту идеализирање, никакво бегање во празно сонување, напротив, тоа е видување на нештата онакви какви што се во својата суштина, зашто токму сегашноста е измама, бидејќи човек не може да го види она што е во

сегашноста. Таа е простор во движење, премногу жив за да биде скротен во совршена и завршена мисла и размисла. Овде скоро без остаток е пресликан Платон, неговата гносеолошки импотетна појавност = сегашност и неговата моќна ἀνάμνησις која може да преведе од лажно во стварно, од привид во вид, од незнаење во знаење, од менливо во вечно од смртно во бесмртно. Оној кој низ сеќавање осознава на Ἔρως жртви му принесува. Тоа суштество во кое се вкрстува и бог и човек е оној axis mundi кој во Платоновата философија го организира светиот, значи единствено стварен простор и го одделува од сиот останат профан, значи лажен простор. Тој е оној копнеж кој треба да ја собере раскршената сегашност во едно и цело, да ја врати во претходната состојба. Некогаш јадрите и силни двополови суштества, од фантастичната беседа на Аристофан во Συμπόσιον, подоцна од Зевса располовени, сега со Ἔρως се населени во страсно тежнеење εἰς ἀρχαίαν φύσιν едно од две да станат, повторно во цело да се сплотат.

Сликата е жива и речита. Овој раскин, ова цепење на првичното, ова делење на човек од бог, на култура од природа, на историја од вечност, на индивидуално од колективно... останува рана која само привремено се зацелува, за да се јави повторно како страдање заради разделбата, заради прекинатата врска со корените, и да нѐ насочи повторно ad principium во вечно барање на причините.


SUMMARY

*Vesna Tomovska:* THE LOST TIME AS TIME OF SALVATION

The problem of the lost time as time of salvation presented by Hesiod and Plato is stated in four levels:

1. Hesiod in *Works and Days* by mythological reminiscence finds *illo tempore Dike* which is lost in his present times.
2. Hesiod in Theogony in some ritual way returns *ad principium* end *participates* events from *illud tempus.*
3. Mnemosyne: Memory is prerequisite for creative work of poet in Plato's literary theory as can be find in dialogue *Ion.*
4. Anamnesis is the basic supposition in Plato's theory of knowledge.